


# Политика за приватност

ГрЕКо АД Интернационал АД Скопје

www.greco.services

Во примена од *Јануари, 2026*

GrECo,
matter of trust.

# 1 Општи информации

Ви благодариме за интересот во нашата веб-страница и за нашето друштво.

Нашата веб-страница содржи линкови до други веб-страници, кои се поставени исклучиво за информативни цели. Внимателно ги проверуваме надворешните линкови, меѓутоа не преземаме одговорност за содржината или безбедноста на овие надворешни линкови.

Ние ги штитиме личните податоци кои ги доставувате при посета на нашата веб-страница и ја почитуваме приватноста на Вашите податоци во процесите на обработка, согласно законските обврски. За дополнителни информации во врска со нашите политики за обработка и заштита на лични податоци, Ве молиме продолжете со читање.

## 1.1 Контролор за обработка на Вашите лични податоци е

Осигурително брокерско друштво ГрЕКо Интернационал АД Скопје
ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 28/1 кат 4, ДП1, Скопје, Република Северна Македонија
Веб-страна: https://www.greco.services/mk
Е-маил: office.mk@greco.mk

Офицер за заштита на лични податоци е
Име и презиме: Сандра Димовска
Е-маил: data@greco.mk
ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 28/1 кат 4, ДП1, Скопје, Република Северна Македонија.
Сите прашања поврзани со заштитата на лични податоци може да ги упатите директно на е-маил адресата на Офицерот за заштита на лични податоци или по пошта на погоренаведената адреса..

## 1.2 Надлежен орган за надзор

Агенција за заштита на лични податоци
Бул. Гоце Делчев бр. 18, Скопје, Република Северна Македонија
Веб-страна: https://azlp.mk/
Е-маил: info@privacy.mk

# 2 Како ги користиме Вашите лични податоци

## 2.1 Кои лични податоци ги обработуваме и од каде ги добиваме?

Ги обработуваме следните лични податоци кои ги добиваме во рамките на нашето деловно работење:

Доколку само ја посетувате нашата веб-страна, ќе ги обработуваме Вашите лични податоци, исклучиво како што е опишано подолу во точка 5.

Кога Ви обезбедуваме услуги на осигурително посредување и/или консултантски услуги поврзани со осигурување за Вас (или за Вашиот работодавач), ќе обработуваме податоци поврзани со Вашите лични податоци (име, адреса, информации за контакт, датум и место на раѓање, државјанство, професија и сл.), податоци поврзани со верификација на идентитет (на пример детали за документи за идентификација), технички идентификатори (технички неопходни колачиња) и податоци за автентикација (на пример примерок од потпис). Дополнително, обработката може да вклучува и податоци за трансакции (на пример плаќања), податоци неопходни за исполнувањето на нашите договорни обврски (на пример податоци од полиси), податоци за рекламирање и продажба, документација (на пример записници од консултации), податоци од регистрација, информации од вашата електронска комуникација со друштва од нашата Групација, резултати од обработка на податоци генерирани од  ГрЕКо Групацијата, како и податоци неопходни за исполнување на нашите законски и регулаторни обврски.

Исто така, обработуваме податоци добиени од Вашите осигуратели друштва, од други друштва од ГрЕКо Групацијата, кредитни агенции и јавно достапни извори (на пример Трговски регистар, Катастар на недвижности, медиуми). Исто така можеме да прибавуваме податоци од јавни органи (на пример судови) или јавни функционери.

Под посебни услови можеме да процесираме посебни категории на лични податоци (како здравствени информации) на начин пропишан подолу во Точка 3.4.

Во зависност од конкретниот контекст во кој ги обработуваме Вашите податоци, ќе ви бидат доставени дополнителни информации, кога тоа е применливо.

Ние ги обработуваме само оние податоци кои се исклучиво потребни за конкретната цел на обработката (видете точка 3 подолу за повеќе детали).

### 2.2 Податоци за деца

Ние не склучуваме договори со малолетни лица и не ни е дозволено да го направиме тоа. Со прифаќање на онлајн договор или онлајн услуга итн. потврдувате дека не сте дете, односно дека во Северна Македонија, имате најмалку 14 години, или дека вашиот законски застапник има дадено согласност.

## 3 Цели и законски основи за обработка на Вашите лични податоци

### 3.1 Исполнување на договорни обврски согласно чл. 10 (став 1 точка 2) од Законот за заштита на лични податоци (ЗЗЛП)

Ние сме независни осигурителни брокери и консултанти. Личните податоци се обработуваат во рамките на деловниот однос со Вас или Вашиот работодавач како наш клиент и/или снабдувач. Ова вклучува и електронски создадени, зачувани и архивирани документи (на пример кореспонденција) која се однесува на понуда и прифаќање на договори за осигурување, или во тек на други фази на приготвување на договорот, или за админстрирање  и исполнувањето на нашите договорни права и обврски, особено во случај на барање за надомест на штета, и за совети во врска со осигурување; исто така слики и други документи кои се доставени од Ваша страна. Дополнителни информации за нашата обработка на лични податоци се дел од Вашата договорна документација.

Доколку услугите кои ги пружаме вклучуваат повеќе од едно друштво од ГрЕКо Групацијата, на пример кога осигурувањето е обезбедено во повеќе од една држава, Вашите податоци е потребно да се обработуваат од секоја од соодветните друштва од ГрЕКо групацијата. Соодветните друштва од Групацијата се наведени на нашата веб-страна: https://greco.services/office-locations/.

## 3.2 Обработка заради исполнување на законски обврски согласно член 10 (став 1 точка 3) од ЗЗЛП.

Постојат и одредени законски прописи кои бараат да ги обработуваме Вашите лични податоци, на пример:

- информации доставени до судските органи и судовите во случај на кривични постапки, или до финансиските органи во случај на финансиски прекршоци: Закон за кривична постапка, Кривичен законик
- спречување на измама или перење пари

## 3.3 Обработка за заштита на легитимни интереси согласно член 10 (став 1 точка 6) од ЗЗЛП

Со цел заштита на легитимните интереси на Контролорот и на други компании од ГрЕКо Групацијата, податоците може да се обработуваат врз основа на балансирање помеѓу Вашите и нашите интереси, надвор од конкретното исполнување на договор.

Ова, особено, ги вклучува следните видови активности на обработка на податоци, односно интересите кои ги остваруваме преку нив:

- ИТ услуги за заштита на мрежната и информациската безбедност;
- маркетинг (вклучително и директен маркетинг) за понуда на нашите услуги;
- следење на опсегот на услуги на ГрЕКо Групацијата заради континуирана оптимизација;
- активности за управување со работењето со цел понатамошен развој на услугите и производите;
- остварување и заштита на правни побарувања во судски и вонсудски постапки;
- спречување на измама или перење пари;
- обработка за статистички цели;
- обработка за истражување на пазарот;
- усогласување со и имплементирање на прописи за пријавување можни поплаки;
- комуникации во рамките на ГрЕКо Групацијата за горе наведените цели.

## 3.4 Обработка на податоци за која сте дале согласност согласно член 10 (став 1 точка 1) или член 13 (став 2 точка 1) од ЗЗЛП

Податоците доставени од Ваша страна може да се обработуваат согласно Вашата согласност, на пример податоци за контакт за дистрибуција на билтени и други информации за осигурителни производи, осигурително посредување и други услуги обезбедени од Вашиот ГрЕКо партнер, или фотографии доставени од клиенти за целите на референци или известување за ГрЕКо настани на веб-страницата.

Кога е потребна Ваша согласност за одредена категорија на обработка на податоци, нема да пристапиме кон обработка сè додека не ја добиеме Вашата изречна согласност за таа конкретна цел.

За решавање на штетни побарувања понекогаш е неопходно да се обработуваат посебни категории на лични податоци (на пр. податоци за повреди), како што е дефинирано во член 13 од ЗЗЛП, или податоци за (сомнителни) кривични дела (на пр. во случај на сообраќајни незгоди), како што е дефинирано во член 14 од ЗЗЛП. Како општо правило, ваквите податоци ги обработуваме со цел утврдување, остварување или заштита на правни побарувања, при што член 13 (став 2 точка 6) од ЗЗЛП најчесто претставува правна основа за таквата обработка.

Кога обработката на овие податоци не е веќе оправдана врз основа на законски одредби како што се член 13 (став 2) или член 14 од ЗЗЛП, однапред ќе побараме Ваша посебна согласност за да можеме да ги обработуваме овие податоци и да ги доставуваме до осигурителни компании, посредници и слично. Истото важи и кога ваквите податоци ни се доставени од друг извор (на пр. осигурителна компанија).
Вашата согласност може да ја повлечете во секое време. Повлекувањето на согласноста не влијае врз законитоста на претходно извршената обработка.

### 3.5 Дали сте обврзани да ни ги доставите Вашите лични податоци? Што се случува ако не сакате да го сторите тоа?

Нашето деловно работење бара клиентите да достават бројни лични податоци. На пример, не можеме да Ви обезбедиме осигурување без Вашето име и адреса. Доколку немаме податоци за штета, не можеме да помогнеме во пријавувањето и обработката на штетни побарувања. Потребно е да можеме да ги обработуваме Вашите лични податоци секогаш кога тоа е неопходно од договорни или законски причини во рамките на нашата деловна соработка. Доколку не сакате Вашите податоци да се користат на овој начин, можно е да не можеме да обезбедиме одредени производи или услуги. Кога е потребна Ваша посебна согласност за да можеме да ги обработуваме Вашите податоци, не постои обврска да ја дадете таа согласност или да ги доставите тие податоци.

## 4. Пренос и чување на лични податоци

### 4.1 Дали Вашите лични податоци се споделуваат и со кого?

Безбедноста на Вашите лични податоци ни е важна. За таа цел, податоците се споделуваат само кога постои договорна или законска обврска, или кога тоа е неопходно за заштита на нашите легитимни интереси (на пр. во рамките на компанијата), или со Ваша согласност. Вашите лични податоци може да се споделат со:

- осигурителни / реосигурителни компании / овластени ко-посредници и други контакти, кога тоа е неопходно за склучување осигурување во конкретен случај;
- други ГрЕКо компании во рамките на ГрЕКо Групацијата и трети лица, нивни вработени и застапници, до степен неопходен за исполнување на договорни, законски или регулаторни обврски и за заштита на легитимни интереси, особено за подготовка или реализација на договори за осигурување (на пр. GrECo Risk Engineering GmbH), или ГрЕКо компании кои обезбедуваат ИТ услуги (на пр. GrECo International Holding AG во Австрија како централен ИТ провајдер за сите ГрЕКо компании) или нивните бек-офис услуги или линии на услуги, за исполнување на нашите поврзани обврски или на друг начин за исполнувањето на нашите услуги;
- *Microsoft Ireland Operations Limited* во својство на обработувач на податоци (вклучително и неговите под-обработувачи) преку користење cloud услуги во рамките на ЕУ;
- даватели на ИТ инфраструктура, ИТ безбедност и/или мрежни услуги;

- јавни органи и институции, кога сме законски обврзани тоа да го направиме (на пр. органи за лиценцирање како регулаторни тела, финансиски органи);
- трети лица кои постапуваат по наша инструкција, на пр. адвокати; овие трети лица се договорно обврзани да ги чуваат податоците доверливи и да ги обработуваат само за целите на услугата;
- податоците може исто така да се пренесат и на трети лица ако сте дале согласност за тоа, на пр. вештаци во случај на штетен настан.

## 4.2 Обработка во рамки на Групацијата и пренос на лични податоци

Покрај ГрЕКо компаниите со кои имате директни договори, други ГрЕКо компании вклучени во исполнувањето на договорите (на пр. управување со приходи), како и GrECo International Holding AG (на пр. како ИТ сервис провајдер), може да дејствуваат како (под-)обработувачи или како (заеднички) контролори. GrECo International Holding AG, како команија која врши контрола и холдинг компанија на Групацијата, обезбедува и низа други услуги (покрај ИТ услуги) за целата ГрЕКо Групација.

Во однос на преносот на податоци до овие ГрЕКо компании и други трети лица, нагласуваме дека сме обврзани да ја почитуваме заштитата на личните податоци и доверливоста на сите податоци на клиентите и информации добиени во текот на деловната соработка. Сите вработени во ГрЕКо компаниите кои може да имаат пристап до Вашите лични податоци, како и сите (под-)обработувачи, се должни писмено да потврдат дека ќе ја почитуваат доверливоста и ќе ги обработуваат податоците само согласно овластувањето. GrECo International Holding AG во Австрија, како централен ИТ провајдер за сите ГрЕКо компании, ја следи безбедноста на податоците согласно член 36 од ЗЗЛП.

## 4.3 Дали моите лични податоци се пренесуваат во трети земји?

Понекогаш е неопходно податоците да се пренесат во трета земја без соодветно ниво на заштита на личните податоци, на пример во случај на прекугранични осигурителни решенија, до релевантни партнерски ГрЕКо компании во трети земји. Во случај податоците да треба да се пренесат во трета земја без соодветна заштита на личните податоци или до меѓународна организација, таквиот пренос ќе се изврши врз основа на применливи стандардни договорни клаузули или други гаранции за соодветна заштита на личните податоци, како што е утврдено во Поглавје V од GDPR и Поглавје V од ЗЗЛП.

ГрЕКо компаниите во трети земји се договорно обврзани во рамките на ГрЕКо Групацијата да ги почитуваат стандардите за заштита и безбедност на личните податоци утврдени со GDPR и другите прописи за заштита на лични податоци применливи за секоја ГрЕКо компанија според нејзиното седиште. Ова се надгледува, на пример во Австрија, од страна на GrECo International Holding AG, како централен ИТ сервис провајдер на ГрЕКо Групацијата. GrECo International Holding AG, како централен ИТ сервис провајдер (компјутерски центар), исто така обработува податоци во име на ГрЕКо компании во трети земји.
Во многу случаи, ГрЕКо компаниите може да бидат и заеднички контролори со други компании, вклучително и во трети земји (на пр. за прекугранични осигурителни решенија). Во такви случаи се склучуваат договори за заеднички контролори со кои се утврдуваат детални барања согласно член 26 од GDPR и член 30 од ЗЗЛП. Кога ГрЕКо компаниите ги обработуваат Вашите податоци како заеднички контролори, Вашите права како субјект на лични податоци и *другите побарувања* согласно GDPR и ЗЗЛП (види точка 6 подолу „Ваши права“) може да се остваруваат против секој релевантен контролор, доколку не ви е соопштена посебна контакт точка (член 26 од GDPR и член 30 ставови 2 и 3 од ЗЗЛП).

Вообичаено не користиме обработувачи на податоци надвор од ГрЕКо Групацијата кои се лоцирани во трети земји. Кога обработувачите на податоци кои сме ги ангажирале користат услуги на под-обработувачи лоцирани надвор од ЕУ, обезбедуваме тие под-обработувачи да бидат обврзани да ги почитуваат стандардите за заштита и безбедност на личните податоци согласно GDPR и ЗЗЛП, со цел да обезбедат соодветни заштитни мерки за заштита на Вашите лични податоци.

### 4.4 How long is your personal data retained?

Ќе ги обработуваме или чуваме Вашите лични податоци за времетраењето на деловниот однос помеѓу нас или додека било кој договор за осигурување посредуван од наша страна е во сила. Инаку, ќе ги задржиме Вашите податоци само онолку долго колку што е неопходно за исполнување на целите на обработка опишани погоре. На пример, кога ги обработуваме Вашите лични податоци врз основа на претходна согласност, ќе ги обработуваме и чуваме сѐ додека не ја повлечете согласноста.

По завршувањето на деловниот однос со Вас, периодот на чување на податоците зависи од нашите законски обврски за чување на документација и од роковите на застареност на побарувањата кои може да настанат помеѓу нас. На пример, согласно обврските за чување документација според трговското и даночното законодавство, должни сме да ја чуваме деловната документација најмалку 10 години.

Доколку веќе не сме обврзани да ги чуваме Вашите податоци врз основа на законски обврски за чување документација, сепак може да ги задржиме податоците сѐ додека не истече рокот на застареност на побарувањата кои евентуално може да настанат помеѓу нас. Таквите побарувања може да се однесуваат на извршување или поништување на договор, надомест на штета или исполнување на други законски обврски. Рокот на застареност на побарувањата врз основа на договори за осигурување вообичаено истекува по 5 години. Меѓутоа, во одредени случаи роковите на застареност не истекуваат 10 години.

### 4.5 Кои безбедносни мерки се применуваат при обработката на лични податоци?

Заштитата на личните податоци и безбедноста на податоците се од исклучително значење за нас. Нашата обработка на податоци е заштитена со технички и организациски мерки. Ова особено вклучува заштита на Вашите лични податоци од случајно или незаконито уништување, губење, измена, неовластено откривање или пристап до личните податоци кои се пренесуваат, чуваат или на друг начин се обработуваат. Централизираното обезбедување на ИТ услуги за сите ГрЕКо компании од страна на GrECo International Holding AG, како компјутерски центар за Австрија, ја поддржува оваа заштита во сите ГрЕКо компании.

Заштитните мерки вклучуваат, на пример, употреба на современ безбедносен софтвер и методи за енкрипција, контроли на физички пристап, концепти на овластување, псевдонимизација и други мерки за заштита и спречување надворешни и внатрешни напади.

## 5 Онлајн медиуми

### 5.1 Колачиња

Колачињата се користат на нашата веб-страница со цел подобрување на корисничкото искуство на посетителите.

Колачињата се мали текстуални датотеки кои може да се зачуваат на Вашиот уред кога ја посетувате нашата веб-страница.

#### 5.1.1. Технички неопходни колачиња

На нашата веб-страница се користат само технички неопходни колачиња, познати и како суштински колачиња.

Технички неопходните сесиски колачиња се привремени датотеки кои се зачувуваат на Вашиот уред за време на Вашата посета на веб-страницата. Ова колаче е активно само за време на една сесија на прелистување и е програмирано автоматски да се избрише по завршување на секоја сесија на прелистување кога ќе го затворите интернет прелистувачот.

Овие колачиња се неопходни за правилно функционирање на веб-страницата и како такви се изземени од обврската за прибавување согласност од корисникот согласно GDPR.

## 5.2 Социјални мрежи

Соработуваме со различни социјални мрежи. Доколку ги користите овие социјални мрежи, Вашиот прелистувач автоматски ќе се поврзе со соодветната мрежа. Со тоа се пренесува Вашата IP адреса и други информации, како што се колачиња, доколку претходно сте ја посетиле соодветната платформа.

Колку што е можно, го избегнуваме овој вид пренос на податоци сè додека Вие навистина не воспоставите интеракција со една од овие платформи. Со кликнување на соодветниот симбол (на пр. логото на *Facebook*) вие укажувате дека сте подготвени да комуницирате со избраната платформа и прифаќате дека информации за Вас, како што е Вашата IP адреса, се пренесуваат до таа социјална мрежа.

Нашата веб-страница нуди можност за интеракција со различни социјални мрежи преку приклучоци (plug-ins). Тоа се *Facebook Ireland Ltd., Twitter Inc., LinkedIn Inc. USA* и *XING SE Deutschland*.

Ние немаме влијание врз обемот и содржината на податоците кои се пренесуваат до операторот на социјалната мрежа кога ќе кликнете на нејзиниот приклучок. Доколку сакате да дознаете повеќе за видот, обемот и целта на податоците кои ги собираат операторите на овие социјални мрежи, Ви препорачуваме да ги прочитате политиките за заштита на лични податоци на секоја поединечна социјална мрежа.

## 5.3 Контакт форма

Информациите кои ги доставувате преку нашата контакт форма, вклучително и личните податоци, се пренесуваат до нашиот сопствен мејл сервер, се обработуваат и се зачувуваат од наша страна со цел да можеме да одговориме на Вашето барање. Овие податоци не се собираат ниту се проследуваат без Ваша согласност. Без овие податоци не сме во можност да одговориме на Вашето барање.

Со користење на нашата контакт форма потврдувате дека не сте дете, односно дека во Република Северна Македонија имате најмалку 14 години, или дека Вашиот законски застапник дал согласност.

Овој аспект на обработка на податоци е регулиран со законската одредба од ЗЗЛП, член 12 и член 10 став 1 точка 1 (Согласност).

# 6 Кои се Вашите права

Имате право на пристап, исправка или бришење, или ограничување на обработката на Вашите зачувани податоци, право на приговор на обработката и право на преносливост на податоците, во секое време, согласно условите утврдени со прописите за заштита на личните податоци. Ве молиме сите барања во врска со овие прашања да ги упатите до Офицерот за заштита на лични податоци, како што е дефинирано во точка 1.1.

Со цел да се осигураме дека Вашите податоци нема да дојдат во погрешни раце и дека никој нема да ги избрише Вашите податоци спротивно на Вашата волја, неопходно е да го провериме Вашиот идентитет секогаш кога ќе не контактирате.

Секое барање може да се поднесе до надлежниот орган:

Агенција за заштита на личните податоци
бул. Гоце Делчев бр. 18, Скопје, Република Северна Македонија
Веб-страница: https://azlp.mk/
Е-пошта: info@privacy.mk

Вие ги имате следните права:

## 6.1 Право на пристап

Согласно член 19 од ЗЗЛП, контролорите се должни да му обезбедат на секој субјект на лични податоци пристап до личните податоци кои се однесуваат на него, а кои се обработуваат.

## 6.2 Право на исправка и бришење

Согласно член 20 и член 21 од ЗЗЛП, како субјект на лични податоци имате право да побарате исправка и бришење на личните податоци кои се однесуваат на вас.

## 6.3 Право на ограничување на обработката

Согласно член 22 од ЗЗЛП, имате право да побарате ограничување на обработката на личните податоци кои се однесуваат на вас.

## 6.4 Право на преносливост на податоците

Согласно член 24 од ЗЗЛП, имате право на преносливост на податоците, односно право, под утврдени услови, да ги добиете личните податоци кои сте ги доставиле, во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат и да побарате тие податоци да бидат пренесени на трето лице.

### 6.5 Право на приговор

Согласно член 25 став 1 од ЗЗЛП, секој субјект на лични податоци има право, од причини поврзани со неговата конкретна ситуација, да поднесе приговор на обработката на личните податоци кои се однесуваат на него, а кои се обработуваат, меѓу другото, заради остварување на легитимните интереси на контролорот или на трето лице. Ова важи и за обработка на податоци за целите на профилирање врз основа на оваа одредба. Во секое време можете да поднесете приговор на обработката на Вашите лични податоци за целите на директен маркетинг (на пр. билтен), со дејство за во иднина.

## 7 Автоматизирано донесување на одлуки

Не користиме автоматизирано донесување одлуки како што е дефинирано во член 26 од ЗЗЛП за одлуки во врска со воспоставување и водење на нашите деловни односи. За посредување во осигурување вршиме проверка на кредитната состојба преку кредитните бироа. Проценката на ваквите информации никогаш не е автоматизирана.

## 8 Измена на Политиката за приватност

Оваа Политика за приватност ги заменува сите претходни верзии. Го задржуваме правото да ја измениме оваа политика доколку тоа биде неопходно поради промена на околностите.

GrECo,
matter of trust.

ГрЕКо Интернационал АД Скопје
Осигурително брокерско друштво

Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 28/1, кат 4, ДП1, Скопје
ЕМБС 7698950
data@greco.mk
www.greco.services

Сите права на оваа презентација се задржани. Содржината на овој документ,
вклучувајќи ги неговите делови (во целост или делумно), е заштитена со авторско право.
Информациите содржани во него се доверливи. Овој документ и неговата содржина не смеат да се користат,
преведуваат, дистрибуираат, копираат или обработуваат по електронски пат без изречна согласност од GrECo Group.
Дистрибуција до трета страна не е дозволена.